**Народна банка на Република Северна Македонија**

# ПОЛИТИКА
**за непрекинатост во работењето**
**во Народната банка на Република  Северна Македонија**

септември, 2011 година

Врз основа на член 47 став 1 точка 9 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**ПОЛИТИКА**
**за непрекинатост во работењето**
**во Народната банка на Република Северна Македонија**
**(неофицијален пречистен текст)[1]**

## I. Општи одредби

1. Со Политиката за непрекинатост во работењето во Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: ПНР) се утврдува воспоставувањето соодветна рамка за ефикасни и координирани активности со коишто треба да се зачуваат репутацијата и виталните функции на Народната банка на Република Северна Македонија, (во понатамошниот текст: Народната банка), како и начинот на обезбедување непрекинатост во работењето на Народната банка во ситуација на криза.

2. Целта на ПНР е да ги идентификува потенцијалните ризици и закани за нормалното работење на Народната банка, да обезбеди непрекинатост во извршувањето на работните процеси и сигурност на вработените на Народната банка во ситуација на криза.

3. Ситуација на криза, во смисла на точка 2 од оваа политика, претставува ситуација при која се нарушени нормалното работење и работните процеси во Народната банка или претставува настан што ја загрозува сигурноста и којшто може да предизвика загуба на човечки животи или материјална и репутациска штета на Народната банка.

---

[1] **Неофицијален пречистен текст на Политиката за непрекинатост во работењето во Народната банка на Република Македонија П.бр.02-15/IX-4/2011 од 15.09.2011 година изменета и дополнета на 28 ноември 2013 година под П бр.02-15/XIII-1/2013, изменета на 24 март 2016 под П бр. 02-15/III-1/2016, Одлука за изменување на Политиката за непрекинатост во работењето на Народната банка на Република Северна Македонија О. бр. 02-15/IV-4/2020 од 20 март 2020 година, изменета и дополнета на 4 јуни 2021 година под П бр. 02-15/VIII-1/2021 и изменета со Политика за изменување на Политиката за непрекинатост во работењето во Народната банка на Република Северна Македонија П бр. 02-15/XVI-1/2022 од 30 септември 2022 година, Политика за изменување на Политиката за непрекинатост во работењето во Народната банка на Република Северна Македонија Бр. 02-3614/5 од 2 февруари 2023 година, Политика за изменување на Политиката за непрекинатост во работењето во Народната банка на Република Северна Македонија Бр. 02-34557/7 од 9 октомври 2024 година и Политика за изменување на Политиката за непрекинатост во работењето во Народната банка на Република Северна Македонија Бр. 02-40305/12 од 28 ноември 2024 година .**

4. Работењето на Народната банка во услови на воена состојба се уредува со посебни акти на Народната банка, а во согласност со Законот за одбрана и прописите со законска сила за работа во услови на војна.

5. Со ПНР се минимизираат негативностите од:

а) нејасно и несоодветно дефинирање на улогите и одговорностите на различните учесници коишто се одговорни за обезбедување непрекинатост во работењето, што може да доведе до неуспешно одлучување и конфликтни ситуации;
б) загуба на драгоцено време доколку учесниците не знаат што треба точно да се преземе во ситуација на криза;
в) слаба внатрешна комуникација во ситуација на криза што може да доведе до поголеми штети во работењето;
г) слаба надворешна комуникација што може да доведе до нарушување на угледот на Народната банка.

## II. Обезбедување непрекинатост во работењето на Народната банка

6. Заради организирана и благовремена заштита на луѓето и материјалните добра од последиците од ситуација на криза, во Народната банка се формираат:

а) Кризен штаб (во натамошниот текст: КШ);
б) Шест кризни групи (во натамошниот текст: КГ);
- кризна група за платните системи (ПС);
- кризна група за трезорско работење (ТР);
- кризна група за операции на финансиските пазари (ФП);
- кризна група за информациските технологии (ИТ);
- кризна група за финансии, сметководство и контрола (ФСК);
- кризна група за останатите организациски единици (ОЕ);

в) Одговорно лице за обезбедување непрекинатост во работењето (во натамошниот текст: ООНР).

### *Кризен штаб*

7. Во ситуација на криза, КШ претставува највисок орган на одлучување и управување во Народната банка, во однос на одлучување за спроведување на активностите поврзани со кризната ситуација.

КШ е составен од претседател и 4 членови.
Претседател на КШ е гувернерот на Народната банка. Членовите имаат соодветен број назначени заменици. Членовите на КШ и нивните заменици ги именува Советот на Народната банка, на предлог на гувернерот, за период од 4 години.

*<u>Надлежности и одговорности на КШ се:</u>*

а) да прогласи ситуација на криза и престанок на ситуација на криза;
б) да одлучува за спроведување на активности поврзани со кризна ситуација;

в) да ги разгледува извештаите од соодветните КГ за настанатите штети и последиците од ситуацијата на криза;
г) да потпишува договори со трети лица кои се потребни за надминување на кризните ситуации;
д) да одобрува тестирање и проверка на контролните системи за ефикасна примена на ПНР;
ѓ) да информира за кризните ситуации и да соработува со слични кризни тела на финансиски институции или државни органи.

КШ треба да има обезбедено соодветна алтернативна локација на која би ги извршувал своите операции во услови на недостапност на примарната локација.

Членовите на КШ одржуваат состанок најмалку еднаш годишно, со цел да го следат спроведувањето на ПНР, како и да ги ревидираат ПНР и Планот за обезбедување непрекинатост во работењето.

Начинот на работа на КШ се регулира со деловник за работа.

### *Кризни групи*

8. За организирање на работењето во ситуација на криза во Народната банка се воспоставуваат кризни групи.

   Секоја кризна група има раководител и најмалку 4 членови, и тоа:

   а) Кризна група за ПС:
   - директорот на Дирекцијата за платни системи во својство на раководител на КГ;
   - директорот на Дирекција за плаќања и заднински операции во својство на заменик раководител на КГ;
   -претставници од соодветните дирекции и посебните организациски единици коишто во извршувањето на своите работи и работни задачи зависат од услугите што ги обезбедува Дирекцијата за платни системи;
   -претставници од соодветните дирекции и посебните организациски единици од чии услуги зависи работењето на Дирекцијата за платни системи и на Дирекција за плаќања и заднински операции.

   б) Кризна група за ИТ:
   - директорот на сектор на Секторот за информатичка технологија во својство на раководител на КГ;
   -претставници од соодветните дирекции и посебните организациски единици коишто во извршувањето на своите работи и работни задачи зависат од услугите што ги обезбедува Секторот за информатичка технологија;
   -претставници од соодветните дирекции и посебните организациски единици од чии услуги зависи работењето на Секторот за информатичка технологија.

   в) Кризна група за ТР:

- директорот на Дирекцијата за трезорско работење во својство на раководител на КГ;
-претставници од соодветните дирекции и посебните организациски единици коишто во извршувањето на своите работи и работни задачи зависат од услугите што ги обезбедува Дирекцијата за трезорско работење;
-претставници од соодветните дирекции и посебните организациски единици од чии услуги зависи работењето на Дирекцијата за трезорско работење.

г) Кризна група за ФП:
-директорот на Дирекцијата за операции на финансиските пазари (во понатамошниот текст: Дирекцијата за ФП), во својство на раководител на КГ;
-претставници од соодветните дирекции и посебните организациски единици коишто во извршувањето на своите работи и работни задачи зависат од услугите што ги обезбедува Дирекцијата за ФП;
-претставници од соодветните дирекции и посебните организациски единици од чии услуги зависи работењето на Дирекцијата за ФП.

д) Кризна група за ФСК:
-директорот на Дирекцијата за финансии, сметководство и контрола (во понатамошниот текст: Дирекцијата за ФСК), во својство на раководител на КГ;
-претставници од соодветните дирекции и посебните организациски единици коишто во извршувањето на своите работи и работни задачи зависат од услугите што ги обезбедува Дирекцијата за ФСК;
-претставници од соодветните дирекции и посебните организациски единици од чии услуги зависи работењето на Дирекцијата за ФСК.

ѓ) Кризна група за ОЕ:
-директорот на Дирекцијата за техничко одржување и обезбедување во својство на раководител на КГ;
- директорите на останатите дирекции коишто не се опфатени во потточките а), б), в), г), и д), шефот на Кабинетот, главниот внатрешен ревизор, главното одговорно лице / главниот одговорен правник од Канцеларијата за стратегија и превенција, главниот одговорен супервизор за информативни системи и лицето овластено од гувернерот што раководи со посебните организациски единици Музеј на Народната банка и Библиотека и архив на Народната банка..

Раководителот и членовите на КГ треба да имаат соодветен број заменици.
Раководителот, членовите на кризните групи и нивните заменици ги именува гувернерот на Народната банка.

Состаноците на КГ ги свикува раководителот на КГ. Секој член на КШ, КГ или ООНР може да побара свикување состанок.

*Кризните групи се надлежни за:*

а) утврдување на состојбата (обемот) на кризната ситуација или несреќа;
б) известување за неопходните мерки за безбедност на вработените;

в) вршење проценка на штетите и последиците за Народната банка;
г) давање предлози до КШ за прогласување ситуација на криза и потребните мерки за минимизирање на последиците;
д) предлагање План за закрепнување од ситуацијата на криза во рамките на својот делокруг;
ѓ) предлагање организација на работењето со намален обем за време на ситуација на криза;
е) редовни известувања на КШ за состојбите и текот на надминување на ситуацијата на криза;
ж) подготвување и доставување финален извештај до КШ за настанувањето и надминувањето на ситуацијата на криза;
з) соработка при подготовка за тестирање на плановите за непрекинатост во работењето и извршување тестови и симулации на ПНР во доменот на своето работење.

*<u>Раководителите на кризните групи ги имаат следниве задачи и одговорности :</u>*

а) предлагање членови за кризната група;
б) организација и координација на работењето на кризната група;
в) идентификување меѓузависности кај критичните работни функции / процеси;
г) меѓусебна соработка со останатите кризни групи во Народната банка;
д) организирање на работењето на работните групи за обнова на работните процеси (РГО);
ѓ) давање предлози за ревидирање на Плановите за закрепнување од катастрофа во рамките на својата кризна група;
е) иницирање и спроведување тестови на ПНР;
ж) изготвување извештаи за извршените тестирања и симулации на ситуација на криза и нивно доставување до одговорното лице за обезбедување непрекинатост во работењето;
з) изготвување годишни извештаи од сопствената област и давање предлози и планови за следни активности до одговорното лице за обезбедување непрекинатост во работењето и до гувернерот на Народната банка;
ѕ) учество во подготовката на плановите за нови подрачја (нови објекти, нови услуги и алтернативни решенија).

*<u>Работни групи за обнова</u>*

9. Раководителот на кризната група, по потреба, може да побара од КШ да формира работна група за обнова на работните процеси (РГО), којашто ќе биде составена од соодветни вработени лица во Народната банка.

   КШ може во работните групи за обнова да вклучи и надворешни соработници, кои ќе извршуваат работни налози за надминување на ситуациите на криза.

***Одговорно лице за обезбедување непрекинатост во работењето на Народната банка (ООНР)***

10. Главното и помошник главното одговорно лице за сигурност на информацискиот систем, заштита на личните податоци и класифицирани информации од Канцеларијата за стратегија и превенција се лица

одговорни за обезбедување непрекинатост во работењето (ООНР). ООНР е независно во своето работење и за својата работа му одговара на гувернерот на Народната банка.

*Задачите и одговорностите на ООНР се следниве :*

а) во соработка со раководителите на кризните групи ја спроведува ПНР;
б) се грижи за усогласеноста и комплетноста на Плановите за непрекинатост во работењето и на соодветните интерни акти;
в) го координира работењето на сите кризни групи во услови на ситуација на криза;
г) проверува и предлага дополнителни цели и стратегии на ПНР во склад со деловната стратегија на Народната банка;
д) обезбедува стручно-техничка помош во работењето на КШ;
ѓ) подготвува годишни извештаи за работењето и предлага активности на годишно ниво коишто ги доставува до гувернерот на Народната банка;
е) го надгледува и координира процесот на тестирање и проверка на ПНР;
ж) *Потточката ж) се брише*;
з) спроведува активности за запознавање на вработените со значењето на ПНР.

ООНР и раководителите на кризните групи одржуваат состаноци на редовна квартална основа и меѓусебно се известуваат за:

а) настанатите измени во подрачјата за кои се задолжени;
б) недостатоците / слабостите во подрачјата за кои се задолжени.

11. *Тактичките раководители се одговорни за:*

а) утврдување на ризичноста на работните процеси;
б) надгледување и управување со ризиците;
в) дефинирање минимум неопходни ресурси и технички средства за функционирање во намален обем во услови на настанување на ситуација на криза;
г) подготовка и ревидирање на анализите на влијанијата на ситуацијата на криза врз одвивањето на сите работни процеси во организациската единица (најмалку еднаш годишно);
д) подготовка, ревидирање и тестирање на плановите за непрекинатост во работењето на организациската единица;
ѓ) дефинирање задачи и одговорности во организациската единица за нејзино функционирање во намален обем во услови на ситуација на криза;
е) подготовка на Упатство за функционирање на организациската единица во услови на нефункционирање на информациската технологија (упатства за рачни постапки);
ж) дистрибуција на соодветниот план за непрекинатост во работењето до сите вработени во својата организациска единица;
з) одржување ажурни листи за контакт со вработените во услови на криза за организациската единица со која раководат, вклучително и за контакт со надворешни соработници од кои е зависен работниот процес.

12. Вработените во Народната банка се должни да ги почитуваат ПНР и соодветните планови за обезбедување непрекинатост во работењето и закрепнување од катастрофа на Народната банка.

13. Во работењето на Народната банка се применува Планот за непрекинатост во работењето, којшто е составен од соодветните планови за непрекинатост во работењето на организациските единици на Народната банка. Во рамки на плановите за непрекинатост во работењето на соодветните организациски единици треба да бидат содржани и соодветните планови за закрепнување од катастрофа (ПЗК).

14. Плановите за непрекинатост во работењето на организациските единици треба да содржат:

    а) принципи и цели на планот;
    б) минимум неопходни ресурси и технички средства за функционирање во намален обем во услови на ситуација на криза;
    в) анализа на влијанијата на кризната ситуација на работењето врз сите работни процеси во организациската единица;
    г) организација и постапка за одлучување и известување за време на криза;
    д) список на сите документи коишто се однесуваат на планот;
    ѓ) утврдување на степените на кризи;
    е) упатства за рачни постапки на организациските единици;
    ж) активности и постапки на вработените во услови на ситуација на криза;
    з) алтернативна локација во Народната банка или во друг деловен објект;
    ѕ) список со контакти, со податоци на одговорните лица; и
    и) план за закрепнување од катастрофа на организациската единица.

## III. Комуникација и информирање во ситуација на криза на Народната банка

15. Комуницирањето со јавноста во ситуација на криза е во надлежност на КШ. Комуникацијата по налог на КШ оперативно ја извршува лице овластено за комуникација со јавноста. Ова лице треба да изработи План за комуникација во ситуација на криза.

16. Во ситуација на криза кога се иницира активирање на дел или на целиот план за непрекинатост во работењето, раководителот на Кризната група врши редовно информирање на КШ за развојот на настаните.

## IV. Завршни одредби

17. Гувернерот на Народната банка донесува интерни акти со кои се спроведува ПНР, со исклучок на Планот за обезбедување непрекинатост во работењето, којшто го донесува Кризниот штаб.

18. Со влегувањето во сила на оваа политика, престанува да важи Политиката за континуитет во работењето на Народната банка на Република Македонија ПКР бр. 02-15/VII-2/2006, од 17.07.2006 година.

19. Оваа Политиката за непрекинатост во работењето во Народната банка на Република Северна Македонија стапува во сила со денот на донесувањето.

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**